Излегува по потреба- 18.06-2019 година.Вторник-Бр.07, година XXIII
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@t.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци,,бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавувањеСтатутот на општина Новаци
.

1. Го Објавувам Статутот на општина Новаци, донесен на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-538/1
13.06.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 1 и член 46 и 116 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-06-2019 година донесе

С Т А Т У Т
НА ОПШТИНА НОВАЦИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Општината Новаци (во понатамошниот текст Општината) е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество во одлучувањето, на начин и постапка утврдени со закон.

Член 2

Општината Новаци е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на РМ„ бр. 55/04).

Граѓаните на Р.С.Македонија кои имаат постојано место на живеење на подрачјето на општината, се жители на Општина Новаци.

Подрачјето на општината ги опфаќа селата: Арматуш, Балдовенци, Бач, Билјаник, Брник, Брод, Будимирци, Велесело, Врањевци, Гермијан, Гнеотино, Гнилеш, Горно Агларци, Градешница, Грумази, Груништа, Далбеговци, Добровени, Добромири, Долно Агларци, Долно Орехово, Живојно, Зовиќ 1, Зовиќ 2, Ивени, Маково, Мегленци, Новаци, Ново Село, Орле, Паралово, Петалино, Полог, Рапеш, Рибарци, Скочивир, Сливица, Совиќ, Старавина, Суводол, Тепавци

Член 3

Општината е правно лице.

Член 4

Седиштето на Општината е во с.Новаци.

Член 5

Општината има право на сопственост на ставри, парични средства и права.

Член 6

Општината има грб



Член 7

Општината има знаме,



Член 8

Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 3 (три) см, во чија средина се наоѓа грбот на општината и на чии рабови е испишано Република Северна Македонија-Општина Новаци.

Член 9

Празник на Општината е 30-ти март

Член 10

Во Општината се востановуваат општински признанија и награди.

Признанијата и наградите се утврдуваат со Одлука на Советот на општината.

- 30-то мартовскиски награди;
- златен амблем;
- пофалници;
- признанија и
- дипломи.

Член 11

Општината може, со Одлука донесена од страна на Советот на Општината, да се здружува во зедници, здруженија и фондации во согласност со Закон.

Член 12

Општината соработува со општините од Републиката, со градот Скопје, со Единици на локалната самоуправа од други земји, како и со меѓународни организации на локални заедници.

Општината членува во меѓународни организации на локални власти.

Општината, заради остварување на заедничките интереси и вршење на заеднички работи од својата надлежност, може со други општини од Републиката да здружува средства и да формира заеднички Јавни служби и заеднички административни тела за извршување на одделени надлежности, во согласност со Закон.

За соработката и остварувањето на заедничките интереси одлучува Советот.

Член 13

Органите на општината, како и телата на Советот и Јавните служби, должни се да ги информираат граѓаните за својата работа и плановите за развој како и да им овозможат пристап до информациите на начин утврден со Закон и овој Статут.

Член 14

Во Општината службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Член 15

Со овој статут на Општината Новаци (во натамошниот текст: Општината), во согласност со закон, се уредуваат:

- организацијата и работата на органите на Општината;
- организацијата и работењето на комисиите на Советот на Општината;
- вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност;
- начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на Општината;
- начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината и постапување по нив;
- начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;
- начинот на објавувањето на прописите на Советот;
- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба;
- месната самоуправа;
- начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на Општината;
- како и други прашања од значење за Општината.

Член 16

Определени прашања сврзани со остварувањето на надлежностите, процедурите за работа и одлучување во Советот на Општината, поблиску се уредуваат со деловник на Советот на Општината (во натамошниот текст: деловник).

Деловникот го донесува Советот на Општината (во натамошниот текст: Совет), со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

II. НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 17

Општината самостојно, во рамките на законот и овој Статут ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Член 18

Општината е надлежна за вршење на следните работи:

1. Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;
2. Заштита на животната средина и природата, презамање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и од нејонизирачко зрачење;
3. Локален економски рзавој, планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемаштвото на локално ниво, учество во воспоставување и развој на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

4. Комунални дејности, во смисла на снабдување со вода за пиење испорака на технолошка вода; одведување и пречистување на отпадни води; одведување и третман на атмосферските води; јавно осветлување; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот, цврст и технолошки отпад; уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници; снабдување со природен гас и топлинска енергија; одржување на гробовите; гробиштата и давање погребални услуги; изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградба и одржување на улична сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на јавниот простор за паркирање; отстранување на непрописно паркираните возила; отстранување на хаварисаните возила од јавните површини; изградба и одржување на пазарите; чистење на оџаците; одржување и користење на парковите, зеленилото, парк шумите и рекреативните површини; регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови; определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфрастриктурни објекти;
5. Култура, во смисла на институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти; негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирање културни манифестации; поттикнување на разновидни, специфични форми на творештво;
6. Спорт и рекреација, во смисла на развој на масовниот спорт и рекреативните активности; организирање на спортски приредби и манифестации; одржување и изградба на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи;
7. Социјална заштита и заштита на децата-сопственост, финансирање, инвестиции и одржување на детски градинки и домови за стари; остварување на социјална грижа на инвалидни лица; деца без родители и родителска грижа; деца со воспитно социјални проблеми; деца со посебни потреби; деца од еднородителски семејства; деца на улица; лица изложени на социјален ризик; лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст;
8. Образование-основање, финансирање и администрирање на Основни и средни училишта, соработка со централната власт, во соглсност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;
9. Здравствена заштита во смисла на управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита во кои општината е застапена во сите одбори на сите здравствени ораганизации во јавна сопственост; здравствено воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби и други области утврдени со закон;
10. Спороведување на подготовки за функционирање во воена состојба и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;
11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
12. Надзор над вршењето на работите од надлежност на општината и
13. Други работи определени со закон.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

Член 19

Органи на Општината се: Советот и Градоначалникот.

1. Совет на Општината

Член 20

Советот на општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на општината го сочинуваат 9 (девет) претставници на граѓаните, избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Членот на Советот не може да биде отповикан.

Членовите на Советот ги претставуваат граѓаните и во Советот одлучуваат по свое уверување.

а) Надлежности на Советот

Член 21

Советот на општината ги врши следниве работи:

1. Донесува Статут на општината;
2. Донесува Деловник за работа на Советот;
3. Донесува Програма за работа;
4. Донесува Буџет на општината и Годишна сметка на Општината;
5. Ја утврдува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите;
6. Донесува Генерален урбанистички план;
7. Донесува Детални урбанистички планови,урбанистички план за село и урбанистички план за вон населено место во општината и друга урбанистичка документација;
8. Донесува прописи од областа на заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, противпожарната заштита,во рамките на надлежноста определена со посебен закон или во согласност со национална програма;
9. Донесува Програма за уредување на градежно земјиште;
10. Донесува Програма за одржување на сообраќајна сигнализација;
11. Донесува Одлука за регулирање на режимот на сообраќајот;
12. Донесува Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици;
13. Донесува Програма за јавно осветлување;
14. Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи;
15. Донесува Програма за одржување на јавната чистота;
16. Допнесува Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење;
17. Донесува Програма за одржување на гробиштата;
18. Донесува Програма за одржување и користење на реките во урбанизираните подрачја;
19. Донесува Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја;
20. Донесува Програма за спроведување на аерозапрашување на подрачјето на општината;
21. Донесува Одлука за комунален ред;
22. Донесува Одлука за начинот на превоз во градскиот и приградскиот сообраќај;
23. Донесува одлука за авто такси превоз;

24. Донесува Одлука за користење и одржување на јавните пазаришта;
25. Донесува Одлука за користење и одржување на гробиштата;
26. Донесува Одлука за подигање,чување,одржување,заштита и користење на спомен обележјата;
27. Донесува Одлука за висината на комуналните такси;
28. Одлука за висината на стапката на даноците на имот;
29. Го уредува начинот на чистењето на оџаците;
30. Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на негово користење;
31. Определува имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење;
32. Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, на предлог на Градоначалникот;
33. Основа јавни служби, врши надзор над нивната работа и дава согласност на Статутот;
34. Именува членови во управните одбори на јавните служби,кои ги основа;
35. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основала општината;
36. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење во согласност со закон;
37. Ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби кои ги основала општината;
38. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
39. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на општината,во согласност со закон;
40. Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи, во согласност со закон;
41. Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до Министерот за внатрешни работи и Народниот правобранител;
42. Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерсвото за внатрешни работи од областа на јавната безбедноаст и безбедноста во сообраќајот;
43. Избира и разрешува Претседател на Советот;
44. Формира постојани и повремени комисии;
45. Врши одделни овластувања во согласност со закон врз добрата за општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на општината;
46. Востановува општински признанија и награди;
47. Дава мислење по предлог законите кои се однесуваат на општината;
48. Врши други избори и именувања од своја надлежност;
49. Донесува други одлуки за работи од своја надлежност;
50. Врши и други работи утврдени со закон.

б) Конституирање

Член 22

Првата седница на новоизбраниот Совет ја свикува Претседателот на Советот од претходниот состав најдоцна во рок од 20 (дваесет) дена од денот на завршувањето на изборите.

Ако Советот не се свика во рок од ставот 1 на овој член, членовите на Советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на Советот го конституираат Советот во рок од 10 (десет) дена по истекот на рокот од ставот 1

на овој член,

Ако седницата не се одржи во рок од ставот 2 на овој член ќе се распишат нови избори за членовите на Советот, на начин утврден со Закон.

Членовите на Советот на конститутивната седница на Советот даваат и потпишуваат свечана изјава, која гласи:

„Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законот, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Северна Македонија„.

Член 23

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот, по предлог на Комисија за прашања на верификација, избори и именувања што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

Член 24

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот.

в) Права и должности на членовите на Советот

Член 25

Членот на Советот има права и должности утврдени со закон и со овој Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

Член 26

Членовите на Совето имаат право и должност да присуствуваат и да учествуваат во работата на Советот и на неговите постојани и повремени комисии.

Членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните во Општината;
- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот;
- да бара од администрацијата на Општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од Општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;
- да бара и добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;
- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија.

Членот на Советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Советот.

Работодавецот е должен да го ослободи од професионалната работа членот на Советот заради присуство на седниците на Советот или на комисиите во кои е член.

Членовите на Советот имаат и други права и должности утврдени со Статутот и други прописи.

Член 27

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

Член 28

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Советот и на на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести претседателот на Советот и претседателот на комисијата.

Членот на Советот кој од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, има право да побара од Советот одобрение за отсуствување од седниците.

По барањето од ставот 2 на овој член, Советот одлучува без претрес.

г) Конфликт на интереси на членовите на Советот

Член 29

Членот на Советот не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, дете или роднина до втор степен странична линија има финасиски или друг личен интерес.

Членот на Советот е должен да го информира Советот за прашања за кои тој има финасиски или друг личен интерес.

Членот на Советот не може да биде вработен во општинската администрација на општината во која е избран.

Со денот на вработувањето согласно со став 3 на овој член ќе се смета дека членот на Советот поднел оставка.

Членот на Советот вработен во Јавните служби кои ги основала општината, не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на Јавната служба во која е вработен.

д) Престанок на мандатот

Член 30

На членот на Советот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран:

- ако поднесе оставка;
- во случај на смрт;
- ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над 6 месеци;
- ако настапи случај на неспојливост со функцијата член на Советот согласно со Законот за локалните избори;
- ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност и
- ако престане да биде жител на општината;

Советот на првата наредна седница ќе ја констатира причината и денот на престанување на мандатот на членот на Советот и тоа:

- во случаите од ставот 1 алинеја 1 од овој член, од денот на одржување на седницата и
- во случаите од ставот 1 алинеи 2,3,4,5 и 6 од овој член, со денот на

исполнување на условот.

На членот на Советот може да му биде одземен мандатот ако неоправдано отсуствува од 3 седници на Советот по ред.

За оправданоста на отсуството од ставот 3 на овој член одлучува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

ѓ) Претседател на Советот

Член 31

Претседателот на Советот се избира од редот на членовите на Советот, со мандат од 4 (четири) години.

Предлог за претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членовите на Советот.

Изборот на претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на претседател на Советот со тајно гласање се уредува со Деловникот.

Член 32

Претседателот на Советот:

- ги свикува и раководи со седниците на Советот;
- се грижи за организацијата и работата на Советот и
- ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од 3 (три) дена од денот на нивното донесување ги доставува на Градоначалникот заради објавување.

е) Начин на работа

Член 33

Советот работи на седници.

По потреба Советот може да одржува свечени и вонредни седници.

Седниците на Советот се јавни.

За исклучување на присуството на јавноста на седницата се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини, со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Советот.

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со закон и овој статут, како и кога тоа ќе го предложат градоначалникот, претседателот на Советот или најмалку 3 (три) членови на Советот.

Исклучувањето на јавноста може да се бара, кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал; кога може да ги загрози интересите на определена личност или има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните .

На расправата на Буџетот на општината, годишната сметка на Буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.

Член 34

Седниците на Советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на 3 (три) месеци.

Седниците ги свикува Претседателот на Советот на своја иницијатива, на

барање на Градоначалникот или на барање од најмалку ¼ од членовите на Советот најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на неговото поднесување.

Доколу во рокот определен во ставот 2 на овој член, Претседателот на Советот не ја свика седницата на Советот, членовите на Советот сами се состануваат и избираат Претседател за таа седница,

Денот, часот и местото на одржувањето на седници на Советот, како и Предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, задолжително се објавуваат најдоцна 7 (седум) дена пред денот на одржување на седницата.

Член 35

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Советот на општината одлучува со мнозинство гласнови од присутните членови.

На седниците на Советот по правило се гласа јавно освен ако Советот не одлучи за одделени прашања гласањето да биде тајно.

За секоја седница на Советот се води записник.

Член 36

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, а може да одржува свечени седници и за ислушување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на Општината.

Член 37

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните и во случаи на вонредни околности.

Вонредна седница на Советот свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива или на барање од најмалку 1/3 од членовите на Советот или на предлог на градоначалникот.

Поканата за вонредна седница заедно со предлогот на дневен ред на членовите на Советот им се доставува на најбрз можен начин.

Пред отпочнувањето со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница, без претрес и со

мнозинство од присутните членови на Советот.

Член 38

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Советот, на седницата претседава најстариот член на Советот.

Член 39

Свикувањето на седниците на Советот, утврдувањето на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања сврзани со работата на Советот, поблиску се уредуваат со Деловникот.

IV. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА КОМИСИИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА

Член 40

За разгледување на прашања и утврдување предлози од одредена област, Советот од својот состав формира постојани и повремени комисии.

Составот на комисиите соодветствува на пропорционалната застапеност на политичките партии во Советот.

Мандатот на постојаните комисии треае колку и мандатот на членовите на Советот.

Составот и мандатот на повремените комисии ќе се определи со актот за нивно формирање.

1. Комисии на Советот

Член 41

Советот ги образува следните постојани комисии:

- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања,
- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој,
- Комисија за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина,
- Комисија за општествени дејности,
- Комисија за статут и прописи
- Комисија за месна самоуправа,
- Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија,
- Комисија за родова (полова) еднаквост (Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите).

Делокругот на комисиите од став 1 на овој член се определува со деловник на Советот.

Советот може да образува и други постојани и повремени комисии, чиј состав и делокруг се определува со актот за нивното формирање.

Член 42

Комисиите на Советот на општината:

- расправаат за прашања од областа за која се формирани;
- даваат предлози и мислења до Советот;
- ги разгледуваат предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани;
- предлагаат Одлуки до Советот.

Комисиите на Советот на општината во своето работење можат да побараат и стручна помош од надворешни стручни лица од соодветната област.

2.Состав, избор и начин на работа на комисиите

Член 43

Комисиите на Советот се состојат од пет члена, од кои едниот е претседател на Комисијата.

Член 44

Избор на претседател и членови на комисија на Советот се врши на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го дава предлогот од став 1 на овој член врз основа на претходно доставени предлози на политичките партии застапени во Советот, при што води сметка за примена на принципот за нивна пропорционална застапеност во комисиите, имајќи го предвид вкупниот број

на комисиите на Советот.

Изборот на претседател и членови на комисија се врши со мнозинство од присутните членови на Советот.

Член 45

Предлог за разрешување на претседател и членови на комисија може да даде комисијата, Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

По предлогот за разрешување одлучува Советот, со јавно гласање, со мнозинство на присутните членови на Советот.

Член 46

Избор заради промена на поодделен член на комисија се врши на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, при што не може да се наруши принципот на пропорционална застапеност на партиите во комисиите.

Член 47

Комисијата работи на седници.

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

Член 48

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови на присутните членови.

Член 49

Ако одлучи да му поднесе извештај или предлог на Советот, комисијата определува свој известител, кој по налог на комисијата, по сопствена иницијатива или по барање на Советот, на седницата на Советот ќе го образложи ставот или предлогот на комисијата.

Член 50

На седницата на комисијата задолжително присуствува претставник на предлагачот на материјалот што се разгледува.

Претставникот на предлагачот има право на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на предлогот што го поднел.

Член 51

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување, како и други податоци што и се потребни за работа, а со кои предлагачот располага или е должен да ги собира и евидентира.

Член 52

На седниците на комисијата може да присуствуваат и да учествуваат претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на комисијата.

Поканата до лицата од ставот 1, ја доставува претседателот по претходна консултација со членовите на комисијата.

Член 53

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно имунитетните прашања.

Разгледува и подготвува предлози за избори и именување и разрешување од надлежност на Советот на општината.

Дава предлог за висината на платите, надоместоците и други примања на избраните и именуваните лица, до Советот кој донесува Одлука.

Дава предлог за висината на надоместокот на патните и дневните трошоци на членовите на Советот, како и трошоците направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот, а Одлука донесува Советот.

Претседателот и членовите на комисијата ги избира Советот на општината на својата прва седница.

Член 54

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој ги разгледува прашањата во врска со финасирањето на општината, буџетот и годишната сметка како и други прашања поврзани со финансиски средства, како и прашања од планирањето и програмирањето на локалниот економски развој.

Член 55

Комисијата за општествени дејности ги разгледува прашањата од надлежност на општината, а кои се однесуваат на културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, јавната безбедност и безбедост во собраќајот, и подготовки за функционирање во воена состојба и преземање мерки за заштита и спасување како и противпожарната заштита.

Член 56

Комисијата за статут и прописи го утврдува Предлогот на статутот на општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измена на стаутот и ја следи неговата примена, ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер.

Го утврдува Предлог деловникот на Советот.

Разгледува и други општи акти од надлежност на Советот на општината.

Член 57

Комисијата за месна самоуправа ги разгледува прашањата од значење на месната самоуправа и му предлага на Советот начин за нивно разрешување.

Член 58

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија подготвува Програма за одбележување на празници и манифестации и се грижи и презема активности за нејзино доследно спроведување.

Комисијата ги прибира и разгледува предлозите за доделување на општински признанија и награди и му предлага на Советот да донесе Одлука.

Наградата може да се доделува на физички и правни лица од Општината, Републиката и од други држави, како и на меѓународни организации и асоцијации или нивни претставници.

Наградите се доделуваат како знак на признание за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развој на Општината и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација во областа на економскиот развој, науката, уметноста, културата, образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области.

Член 59

Комисијата за родова (полова) еднаквост врши промовирање и штитење на еднаквоста меѓу половите во уживањето на човековите права во сите општествени нивоа, вградување на половата димензија во процесот на нормирањето и институционализирањето на општествените процеси и односи, елиминирање на секаков облик на дискриминација на жената, поголема застапеност на жената во локалната самоуправа и сл.

Комисијата активно соработува со женските невладини организации и здруженија кои делуваат на подрачјето на општината.

V. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОВЕТОТ

Член 60

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со закон и овој статут, како и кога тоа ќе го предложат градоначалникот, претседателот на Советот или најмалку 3 (три) членови на Советот.

Исклучувањето на јавноста може да се бара, кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал; кога може да ги загрози интересите на определена личност или има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните .

По предлогот од став 1 на овој член, Советот одлучува без претрес, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

VI. ГРАДОНАЧАЛНИК

Член 61

Градоначалникот се избира секоја четврта година, на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со законот со кој се регулираат локалните избори.

Градоначалникот својата функција ја извршува професионално.

Градоначалникот ги врши своите надлежностите во рамките утврдени со закон и овој Статут.

а) Надлежности на Градоначалникот

Член 62

Градоначалникот во рамките на своите надлежности:

1.Ја претставува и застапува Општината;
2.Ја контролира законитоста на прописите на советот;
3. Ги објавува прописите на советот во службеното гласило на Општината;
4. Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
5. Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
6. Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на советот;
7. Го предлага годишниот буџет и Годишната сметка на буџетот на општината;
8. Го извршува Буџетот на општината;
9. Избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс;
10. Редовно го известува советот за извршувањетона своите надлежности во согласност со Статутот;

11. Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;
12. Донесува Правилник за систематизација на работните места на оопштинската администрација;
13. Раководи со општинската администрација;
14. Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите навработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон;
15. Обезбедува правилно и законито користрње, оджување и заштита на сопственоста на општината во согласност со закон и Статутот;
16. Врши и други работи утврдени со закон и со овој Статут.

Градоначалникот може да овласти раководен службеник на општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти.

Член 63

Градоначалникот присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот и посебните тела на Општината, без право на одлучување.

Градоначалникот може да определи и свои претставници кои присуствуваат и учествуваат во работата на седниците на Советот, неговите комисии и посебните тела на Општината.

Член 64

Градоначалникот по сопствена иницијатива и по барање на Советот, го известува Советот за извршување поодделни работи од негова надлежност.

Член 65

Градоначалникот управува со сопственоста на Општината во јавен интерес и како добар домаќин.

Член 66

Градоначалникот соработува со градоначалниците на другите општини по прашања од заеднички интерес од надлежност на општините.

Член 67

Градоначалникот со решение определува член на Советот кој ќе го заменува за време на спреченост или отсуство.

Решението од став 1 на овој член градоначалникот го донесува во рок од 30 дена од денот на преземањето на функцијата.

Решението од став 1 на овој член се објавува во "Службен гласник на Општина Новаци".

За настапувањето на спреченоста или отсуството, градоначалникот го известува претседателот на Советот и членот на Советот кој ќе го заменува.

Член 68

Градоначалникот ги објавива прописите на Советот во Службен гласник на општината.

Член 69

Ако Градоначалникот смета дека прописот на Советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.

Советот е должен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на решението од ставот 1 на овој член, да го разгледа решението и да одлучи по него.

Ако Советот го потврди прописот, Градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Р.С.Македонија.

За иницијативата од ставот 3 на овој член Градоначалникот е должен да го информира Министерството надлежно за врешење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

б) Конфликт на интереси на Градоначалникот

Член 70

Градоначалникот не може да биде именуван за член на во надзорни, управни и контролни органи на трговски друштва и јавни служби.

Градоначалникот не може да учествува во процесот на одлучување за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, деца или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес.

Градоначалникот е должен да го информира Советот за интересот од ставот 2 на овој член.

Во случаите од ставот 2 на овој член одлучува еден од членовите на Советот избран на начин на кој се избира Претседателот на Советот.

в) Престанок на мандатот на Градоначалникот

Член 71

На Градоначалникот му престанува мандатот по сила на Закон:

- ако поднесе оставка;
- во случај на смрт;
- ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење над 6 месеци;
- ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност;
- ако настапи случај на неспојливост за вршење на функцијата согласно со Законот за локални избори;
- во случај на неоправдано отсуство подолго од 6 месеци и
- ако престане да биде жител на општината.

За оправданоста на отсуството од ставот 1 алинеја 6 на овој член одлучува Советот со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Членот на Советот кој го заменува Градоначалникот, во рок од 15 дена од денот на настапувањето на еден од случаите од ставот 1 на овој член е должен за тоа да го извести Министерството надлежно за работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа, во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од ставот 3 на овој член ја известува Владата на Р.С.Македонија, која во рок од 1 месец од денот на приемот на известувањето, констатира дека настапил еден од случаите од ставот 1 на овој член и истовремено иницира постапка за распишување нови избори за Градоначалник, во согласност со Закон.

Советот, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на Одлуката на Владата од ставот 4 на овој член, ќе избере еден од членовите на Советот кој ќе ја врши должноста на Градоначалникот за периодот до изборот на нов

Градоначалник, на начин на кој се избира Претседателот на Советот.

На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за времето на вршењето на должноста Градоначалник во соглсност со ставот 5 на овој член.

Изборите од ставот 4 на овој член нема да се спроведат доколку до новиот изборен период има помалку од 6 месеци.

VII. ПОСЕБНИ ТЕЛА НА ОПШТИНАТА

а) Комисија за односи меѓу заедниците

Член 72

Во Општината се формира Комисија за односи меѓу заедниците (во натамошниот текст: Комисија), постојана комисија.

Комисијата ја сочинуваат поедначков број на претставници од секоја зедница застапена во општината, согласно официјалните резултати од последниот попис спроведен во Р.С.Македонија, а во делот кој се однесува на Општина Новаци.

Членовите на Комисијата имаат мандат во траење од 4 (четри) години.

Членовите на Комисијата не може да се избираат од редот на членовите на Советот.

Член 73

Комисијата се формира со Одлука на Советот на општината на предлог на комисијата за мандатни прашања избори и именувања.

Одлуката за формирање на комисијата се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот на општината.

Комисијата од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата, со јавно гласање.

Член 74

Комисијата за прашања на мандатни прашања, избори и именувања го составува предлогот за составот на Комисијата по претходно добиени предлози на политичките партии застапени во Советот, врз основа на објавен Јавен повик за доставување на предлози за членови.

Јавниот повик се објавува на територијата на целата општина и тоа:

- во Службено гласило на општината;
- на општинска огласна табла, или на друго место вообичаено видливо за јавноста;
- се доставува до политичките партии застапени во Советот на општината.

Член 75

Предлозите за избор на членови на Комисијата за односи меѓу зедниците се доставуваат до Комисија за мандатни прашања избори и именувања во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на Јавниот повик.

За член на Комисијата може да се предложи лице:

- државјанин на Р.С.Македонија;
- со постојано живеалиште на општината;
- лице кое не е осудувано со правосилна судска Одлука со казна затвор во траење од над 3 (три) години.

Член 76

По истекот на рокот од член 68 став 1 од овој Статутот, по извршената проверка на одредбите од член 68 став 2, Комисијата за мандатни прашања,

избори и именувања го составува предлогот за состав на Комисијата и го доставува до Советот на Општина Новаци.

Член 77

Комисијата работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Комисијата.

Седница на Комисјата може да се свика и по иницијатаива на:

- Претседателот на Советот на Општина Новаци;
- 30 % од членовите на Советот и
- Градоначалникот.

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинството од вкупниот број членови на Комисијата со јавно гласање.

На седниците на Комисијата може да присуствуваат и учествуваат во работата, градоначалникот на Општината и претседателот на Советот, без право на одлучување.

Член 78

Комисјата разгледува прашања и дава мислења на Советот на општината кои се однесуваат на прашањата поврзани со односите меѓу заедниците кои се застапени во општината, особено во врска со прописите од член 41 точка 3 од Законот за локална самоуправа.

Комисијата му предлага на Советот начини за решавање на работи од важност за односите меѓу заедниците застапени во општината.

Расправа за работи или прашања кои можат да влијаат или се од важност за односите меѓу заедниците и работи на промовирање на добри односи меѓу заедниците.

б) Совет за заштита на потрошувачите

Член 79

Советот на општината за разгледување на прашања и утврдување предлози кои што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на општината, формира Совет за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 7 членови, претставници на поголемите групи на корисници на јавните услуги во општината, и тоа три членови се избираат од редот на правните лица и четири члена од редот на физичките лица.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите не може да се избираат од редот на членовите на Советот на Општината.

Член 80

Одлука за формирање на Советот за заштита на потрошувачите донесува Советот на Општината, на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на облиците на месна самоуправа во општините во Општината.

Член 81

Советот за заштита на потрошувачите од редот на своите членови избира

претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите, со јавно гласање.

Член 82

Советот за заштита на потрошувачите работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите одлучува со мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

На седниците на Советот за заштита на потрошувачите можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на Советот на Општината, без право на одлучување.

Член 83

Советот за заштита на потрошувачите разгледува прашања и утврдува предлози кои што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на Општината, а особено:

- ја следи состојбата на давањето на услуги од јавните служби;
- се грижи за решавање на проблемите што граѓаните ги имаат при користење на услугите од претпријатијата и установите што вршат јавни услуги;
- се грижи за унапредување на односот на вработените кај давателите на услуги кон корисниците на услугите;
- организира јавни трибини и други форми на учество на граѓаните на кои ќе се расправа за унапредување на заштитата на потрошувачите.

в) Советот на млади на Општина Новаци

Член 84

Советот на општината, за активно вклучување на младите во јавниот живот на Општина Новаци може да формира Советот на млади на Општина Новаци(Совет на млади)

Советот на млади го сочинуваат пет члена.

Членовите на Советот на млади се избираат на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања.

Советот на млади од своите редови избира претседател на советот, со мандат од 4 години без можност за повторен избор.

Претседателот го застапува и претставува Советот на млади.

Претседателот на Советот на млади ги свикува и раководи со седниците на Советот на млади во општината, се грижи за организацијата и работата на Советот на млади.

Член 85

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

- разгледува прашања кои се важни за работата на Советот на млади;
- донесува Деловник за работа на Советот на млади;
- го избира и разрешува претседателот на Советот на млади;

- учествува во работата на Младинскиот парламент и именува свој член во истиот;
- поднесува предлози до Советот на Општина Новаци за идентификувани проблеми на младите на локално ниво и начини за нивно можно решавање;
- поднесува предлози до Советот на Општина Новаци за донесување одлуки, програми и други акти за подобрување на состојбата на младите на локално ниво;
- дава мислење по одлуки, програми и други акти кои се од надлежност на Советот на Општина Новаци, а кои ги засегаат младите на локално ниво;
- изработува извештаи до надлежните органи за програмите на младите, а по потреба предлага и донесува Програма за решавање на проблемите, со цел подобрување на состојбата на млади на локално ниво;
- предлага мерки за остварување и спроведување на одлуки и програми за грижа на млади;
- организира работилници, предавања трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Советот на млади;
- поттикнува соработка со младински организации од други градови на Република Северна Македонија и
- врши други работи.

г) Партиципативно тело од областа на урбанизмот

Член 86

Во Општината се формира партиципативно тело од областа на урбанизмот (совет, одбор), заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за Општината.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот се состои од 5 членови.

Одлука за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот донесува Советот, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, избори и именувања.

Членовите на Партиципативно тело од областа на урбанизмот се избираат:
- од редот на членовите на Советот;
- по предлог на облицита на месна самоуправа;
- по предлог на здруженијата на граѓани;
- здруженија на стручни лица од областа на урбанизмот и
- од општинската администрација.

Член 87

Партиципативно тело од областа на урбанизмот од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на партиципативното тело, со јавно гласање.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Партиципативно тело од областа на урбанизмот.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот може да работи ако на

седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот одлучува со мнозинството од вкупниот број членови.

На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на Советот, без право на одлучување.

VIII.ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 88

За извршување на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација.

Општинската администтарција се организира во сектори и одделенија.

Општината може да организира општински инспекторат заради вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност.

Организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација ги утврдува Советот, врз основа на предлог на Градоначалникот.

Член 89

Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник.

За вработувањето, правата и должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од став 1 на овој член ќе се применуваат одредбите од Законот за државни службеници.

За вработените во општинскатат администрација кои вршат административно-технички и помошни работи се применуваат одредбите од работното законодавство.

Член 90

При вработувањето, во општинската администрација и во јавни служби кои ги основала општината ќе се води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници застапени во Општината на сите нивоа, како и почитување на критериумите на стручност и компетентност.

Член 91

Обврски на општинската администрација се:

- ги подготвува актите за советот и градоначалникот;
- ги подготвува седниците на советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- Врши стручни работи за советот и за градоначалникот;
- го води сметководството на општината;
- ја следни проблематиката во областите од надлежност на општинита, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
- ракува со документите на општината, ги чува се до нивно уништување, односно предавање во Државниот архив на Р.С.Македонија и
- врши и други работи што ќе и ги определи Советот и Градоначалникот,

Член 92

Заедничките административни тела за извршување на одделени надлежности ќе бидат основани или укинати врз основа на Одлука донесена со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на секој од советите на општините.

Врз основа на одлуките од ставот 1 на овој член се склучува писмен Договор во кој се утврдуваат: општините кои го основаат заедничкото администартивно тело, седиштето, видот, обемот и начинот на извршување на активностите, користењето на објектите и опремата, финансирањето, како и начинот на укинувањето и контролата на работењето на заедничкото административно тело.

Договорот од став 2 на овој член се објавува во Службен весник на Р.С.Македонија.

IX. АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

а) Општи акти

Член 93

Статутот е основен акт на општината со кој се утврдуваат основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на општината и други прашања од значење на општината.

Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како Нацрт Статут и Предлог Статут.

Статутот на општината го донесува Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 94

Советот на општината донесува Деловник на Советот, одлуки, планови и програми, решенија, заклучоци и други акти и дава мислење и утврдува насоки.

Член 95

Со Деловникот на Советот се уредува начинот на работа на Советот и неговите Комисии, постапките за одлучување и односите со другите органи.

Деловникот на Советот на општината се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот на општината.

б) Поединечни акти

Член 96

Советот и Градоначалникот во рамките на својата надлежност донесуваат поединечни акти.

Советот донесува решенија за избор и именување,

Градоначалникот на општината донесува решенија за решавање на поединечните права, обврски и интереси на физичките и правните лица.

Член 97

Прописите на Советот се објавуваат во службеното гласило на Општината.

Службено гласило на Општината е "Службен гласник на Општината Новаци".

Градоначалникот на општината е должен во рок од седум дена од денот на доставувањето на актите да ги објави во Службен гласник на општината.

Прописите се објавуваат во Службениот гласник на општината најдоцна во

рок од седум дена од денот на нивното донесување.

Член 98

Прописите на Советот влегуваат во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината", а по исклучок што го утврдува Советот, најрано со денот на објавувањето.

Прописите на Советот можат да влезат во сила и во покус рок од осум дена ако:

- причините поради кои се предлага донесувањето на прописот и целите што се сака да се постигнат со неговото донесување се од итен и неодложен карактер;
- не создаваат материјални обврски за граѓаните и правните лица;
- прашањата што се регулираат се од сферата на одбраната, заштитата и спасувањето и сл.;
- тоа го налагаат начелата на целисходност, рационалност, ефикасност, економичност, оперативност и сл.

X. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

а) Информирање на граѓаните

Член 99

Органите на Општината, комисиите на Советот на Општината и јавните претпријатија и установи основани од Општината ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во Општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на Општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежност на Општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка а се од значење за развојот на Општината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и градската администрација и начинот на нивно добивање;
- приходите кои се остваруваат во Општината и начинот на нивна распределба и трошење;
- јавните набавки;
- именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија и установи;
- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на Општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

Член 100

Информирањето на граѓаните се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање службен гласник на Општината;
- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и

јавните служби основани од Општината;
- огласни табли (во простории на Општината, јавните претпријатија и установи, месната самоуправа);
- веб сајт;
- јавни трибини;
- средствата за јавно информирање и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

Член 101

Информирањето на граѓаните се врши на службените јазици кои се користат во Општината.

б) Слободен пристап до информациите од јавен карактер

Член 102

Во Општината се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на Општината (Советот и градоначалникот), јавните претпријатија и установи основани од Општината и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања доверени од Општината (во натамошниот текст: иматели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

Член 103

За информации со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно на секои три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на Општината ја предлага градоначалникот, а ја утврдува Советот.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од Општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот.

Член 104

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на Општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат Советот на Општината и администрацијата.

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основана од Општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат согласно статутот на претпријатието и установата.

Член 105

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат

имателите на информации имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст: барател на информацијата).

Слободниот пристап до информации се остварува во законски утврдениот рок:

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

Член 106

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија од електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин уреден со закон.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

Член 107

Барателот на информација има право на жалба до надлежниот орган за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер доколку имателот на информацијата не ја достави бараната информација.

Член 108

Советот на Општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во Општината.

Годишниот извештај за остварувањето на слободен пристап до информации го подготвува градоначалникот на Општината и го доставува до Советот, најдоцна до 31 јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира Општината.

Извештајот од ставот 1, по усвојувањето се доставува до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

XI. ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО НА ОПШТИНАТА

а) Граѓанска иницијатива

Член 109

Граѓаните имаат право да му предложат на Советот на општината да донесе одреден акт или да реши одредени прашања од својата надлежност.

Советот е должен во рок од 90 дена да расправа по иницијативата на граѓаните доколку истата е поддржана во најмалку 10 % од избирачите на општината.

Поддршката од став 2 на овој член се обезбедува со потписи на граѓаните.

За решенијата по поднесената иницијатива Советот ги информира граѓаните.

Граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски, финасиски прашања.

б) Собир на граѓани

Член 110

Собир на граѓани свикува Градоначалникот по своја иницијатива, на барање на Советот или на барање на најмалку 10 % од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определено прашање.

Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето наместната самоуправа.

Градоначалникот е должен во рок од 30 дена да свика собир на граѓаните на барање од најмалку 10 % од избирачите во општината или месната самоуправа за која се однесува определеното прашање.

Барање за свикување на собир на граѓани со потписи на заинтересираните граѓани се поднесува до Градоначалникот.

Актот за свикување на собирот на граѓаните се објавува во локалните средства за информирање и се истакнува на јавни места на вообичаен начин.

Од денот на објавувањето, односно истакнувањето на актот за свикување на собирот на граѓаните до денот на неговото одржување мора да изминат најмалку 5 дена.

Член 111

На собирот на граѓани во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Собирот на граѓаните го води Градоначалникот или лице овластено од него.

За прашањата за кои се расправа на собирот на граѓаните известува Градоначалникот, а по потреба и други овластени претставници од општинската администрација.

Член 112

Заклучоците донесени на собирот на граѓани, органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат и да ги земат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информират граѓаните за своите одлуки.

в) Референдум

Член 113

Референдум може да распише Советот на општината по своја иницијатива за прашања од негова надлежност и за други прашања од локално значење.

Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20 % од избирачите на општината.

Брањето за распишување на референдум се доставува до Советот на општината со потписи на заинтересираните избирачи дадени пред надлежниот орган кој води евиденција зз избирачкото право на граѓаните на општината.

Член 114

По барање за распишување на референдум Советот на општината во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето донесува Одлука за распишување на Референдум.

Одлуката за распишување на референдум го содржи предметот на референдумот и денот на неговото одржување.

Член 115

Одлуката за распишување на референдум се објавува во Службено гласило и други средства за објавување во општината.

Од денот на објавувањето на Одлуката за распишување на референдумот

до денот на одржувањето на референдумот не може да поминат помалку од 15 дена, ниту повеќе од 60 дена.

Член 116

Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право.

Рефрендумот го спроведува Комисија за спроведување на референдумот,

Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Советот на општината.

Член 117

Комисијата за спроведување на референдумот:

- го определува времето на гласање;
- ги врши техничките подготовки за спроведување на референдумот
- ги определува гласачките места;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- ги формира одборите за спроведување на референдумот и
- се грижи за законито спроведување на референдумот.

Член 118

Прашањето односно актот што е предмет на референдумот мора да биде на соодветен начин изложено на гласачкото место.

Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил на гласање, по негово барање да му дадат објаснување за предметот на референдумот и за начинот на гласање.

Член 119

На референдумот се гласа со гласачко ливче.

Содржината на гласачкото ливче ја пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено, така што граѓанинот може да одговори со ЗА или ПРОТИВ предлогот.

Член 120

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче се заокружува зборот ЗА или ПРОТИВ.

Кога на референдумот се поставени повеќе алтернативи, граѓнинот се изјаснува така што го заокружува зборот ЗА или ПРОТИВ од алтернативата за која гласа.

Член 121

По завршувањето на гласањето одборот го утврдува резултатот од гласањето на гласачкото место и за тоа составува записник, кој се доставува до Комисијата.

Формата и содржината на записникот ги пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Член 122

Комисијата за спроведување на референдумот врз основа на приемиот гласачки материјал од сите гласачки места го утврдува резултатот од референдумот.

Одлуката на референдумот се донесува со мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број избирачи.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот.

Комисијата за спроведување на референдумот поднесува извештај за спроведениот референдум до Советот на општината.

Член 123

Прашањето, односно актот што граѓаните не го прифатиле на референдумот не може повторно да се изнесува на референдум пред истекот на 6 месеци од денот на одржување на референдумот.

г) Претставки и предлози

Член 124

Физичките и правните лица имаат право да поднесуваат претставки и предлози што се однесуваат на работата на органите на Општината и администрацијата.

Член 125

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник пред овластено лице во администрацијата.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

Член 126

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесувањето претставка или предлог, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

Член 127

Градоначалникот, во зависност од содржината на претставката, односно предлогот овластува еден или повеќе службеници да постапат по претставката, односно предлогот.

Постапувањето по претставката, односно предлогот опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на основаноста на претставката или за оправданоста на предлогот, како и преземање на потребни мерки за отстранување на евентуална повреда на правото на подносителот или повреда на јавен интерес.

Член 128

Градоначалникот е должен во што е можно покус рок, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави одговор.

Ако претставката или предлогот не се однесуваат на работата од надлежност на органите на општината, Градоначалникот ги доставува до соодветниот надлежен орган и за тоа го известува подносителот.

д) Јавни трибини, анкети, предлози од граѓаните и форуми на заедницата

Член 129

Органите на Општината, заради утврдување политика во определена област, преземање мерки за разрешување на прашања и проблеми од значење за граѓаните од подрачјето на Општината, како и при предлагање на одредени акти од своја

надлежност може да организираат јавна трибина, да спроведат анкета, да прибираат предлози од граѓаните и форуми на заедницата.

Видот, постапката, начинот и времето на организирање на формите на непосредно учество на граѓаните од став 1 на овој член се уредува со акт на органот што ја организира.

За организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се објавувава соопштение во средствата за јавно информирање, во кое се назначува видот, целта, предметот и други податоци важни за организирање на соодветната форма на непосредно учество на граѓаните и се повикуваат заинтересираните за учество во истите.

Организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните, може да се врши во соработка со други општини и со облиците на месна самоуправа.

За јавната трибина, анкетата или предлозите на граѓаните се изготвува извештај.

Член 130

При организирање јавна трибина, спроведување анкета и прибирање предлози од граѓаните ќе се обезбеди:

- текст на документот или нацрт на одлука и друг општ акт објавен на погоден начин за да им биде достапен на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени и
- изготвување на извештај.

Член 131

Начинот и постапката на организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета, прибирањето предлози од граѓаните и форуми на заедницата се уредува со Одлука донесена од органот што ја организирал.

Градоначалникот и Советот на Единицата на локалната самоуправа Новаци по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 3 на овој член се поднесува до градоначалникот на единицата на локалната самправа, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа по предлог на градоначалникот."

XII. СОПСТВЕНОСТ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА

Член 132

Сопственсота на општината ја сочинуваат неподвижни и подвижни ствари, парични средства и права.

Сопстеноста, општината ја стекнува од сопствени извори на приходи, по пат

на финансирање на граѓаните или со нивно учество на друг начин, од подарци, наследство, донации или по други основи.

Јавните служби основани од општината се нејзина сопственост.

Општината води грижа за законито и правилно користење на добрата во општа употреба.

Член 133

Вредноста на сопственоста на општина се проценува и искажува во годишната сметка.

Со сопственоста на општината располага и стопанисува како добар домаќин, на начин утврден со закон.

Член 134

Стварите во сопственост на општината можат да се дадат на користење на други субјекти по пат на јавно наддавање, во согласност со закон.

Член 135

Општината може да ги продава стварите во сопственост на општината само по пат на јавно наддавање во согласност со закон, за што одлучува Советот на општината.

Продажната цена стварите од став 1 на овој член не смее да биде помала од нивната пазарна вредност.

Финасиските средства добиени од продажбата на стварите во сопственост на општината, може да се инвестираат само за стекнување на нови или реконструкција на постојните ствари во сопственост на општината.

Член 136

Општината се финансира од сопствени извори на приходи, локални даноци, надоместоци и такси утврдени со закон, дотации од државата и други извори утврдени со закон.

Општината во рамките определени со закон, ја утврдува висината и стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите од став 1 на овој член.

Општината има право да се задолжува на домашниот и странскиот пазар на капитал во соглсност со закон.

Општината во рамките на своите надлежности, самостојно располага со сопствените извори на приходи.

Член 137

Општината има свој буџет.

Прашањата што се однесуваат на Буџетот на општината се уредуваат со закон.

Извршувањето на Буџетот на општината го врши Градоначалникот, а поконкретно се уредува со Одлука за извршување на Буџетот на општината, донесена од страна на Советот на општината.

Член 138

Приходите и трошоците се утврдуваат со Буџетот на општината.

Буџетот на општината содржи биланс на приходите и трошоците на Буџеотот, а се однесува за фискална година од 12 месеци, која почнува од 1 Јануари, а завршува на 31 декември секоја календарска година.

Член 139

Предлогот на Буџетот на општината го утврдува Градоначалникот и го

доставува до Советот на општината за донесување не подоцна од средината на месец Ноември.

Советот на општината не може да го разгледува предлогот на Буџетот на општината пред истекот на 20 дена од денот на доставувањето до советниците на Советот на општината.

Член 140

За секоја промена на Буџетот на општината, за дополнително усвоени трошоци пропратени со мерки што ќе ги зголемат предложените приходи или ќе ги намалат другите трошоци во сразмерен износ, Одлука донесува Советот на општината.

Член 141

За покривање на непредвидените барања за трошоци кои ќе се појават во текот на Буџетската година,од вкупните тековни и капитални трошоци се издвојува Буџетска резерва во висина утврдена со закон.

За користење на средствата од Буџетската резерва одлучува Советот на општината по предлог на Градоначалникот на општината.

Советот на општината со Одлука може да го овласти Градоначалникот за начинот на користење на Буџетската резерва.

Член 142

До колку Буџетот на општината за наредната година не биде донесен до 31 Декември во тековната година,ќе се постапи согласно со законот за Буџетите и се воведува времено финансирање и тоа најдолго за 6 месеци.

Член 143

На крајот на секоја фискална година се изготвува годишна сметка на Буџетот на општината.

Годишната сметка на Буџетот,Советот на општината треба да ја усвои најдоцна до 31 Март во тековната година, за претходната година.

XIII. МЕСНА САМОУПРАВА

Член 144

Граѓаните во општината одлучуваат за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

Член 145

Во општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат:

-во градот - урбани заедници;

-во населените места - месни заедници.

Член 146

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици утврдени со урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

Член 147

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат

најмалку 10 % од граѓаните, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

Член 148

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

Член 149

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Собирот на граѓани од претходниот став на овој член го свикува градоначалникот на општината.

Член 150

Граѓаните преку облиците на месна самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:

-решавање на прашања од комунална инфрастрктура за соодветното подрачје;

-одржување на објектите од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);

-заштита на животната средина и природата;

-уредување и одржување на гробиштата во селските населби;

-покренување иницијатива за уредување на просторот;

-организирање културни, спортски, забавни и други манифестации; и

-други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијативи и предлози до надлежните органи на општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

Член 151

Работите од членот 137 на овој Статут се финансираат од:

-средствата што општината ќе им ги одстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;

-средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;

-средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;

-средства од надомест на услуги; и

-подароци и други средства.

Прибирањето и трошењето на средствата за од ставот 1 се врши преку буџетот на Општината.

Член 152

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот на облиците на месна самоуправа го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно .

Советот на облиците на месна самоуправа е составен од 3 (три) до 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите на Советот на месната самоуправа трае 4 (четри)

години.

Член 153

Одлука за распишување на избори за членови на Советот на облиците на месна самоуправа донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако Одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок Одлука за распишување за избор на членови на Советот на облиците на месната самоуправа, донесува Градоначалникот на општината во рок од 15 дена.

Член 154

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот на облиците на месна самоуправа се врши на Собир на граѓани, доколку присуствуваат најмалку 10 % од граѓаните, жители на соодветната месна заедница.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на собирот.

Член 155

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот на облиците на месна самоуправа поблиску се уредува со правилата за работа на обликот на месна самоуправа.

Член 156

За избрани членови на Советот на облиците на месна самоуправа се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

Член 157

Советот на облиците на месна самоуправа од редот на своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Член 158

Градоначалникот на општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, по претходна согласност на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

Член 159

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено финансиските работи на органот во обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

Член 160

Општината води евиденција на облиците на месна самоуправа основани на нејзиното подрачје.

XIV. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА И ВОЕНА СОСТОЈБА

Член 161

Во воена состојба, органите на Општината:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон и
- преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;
- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со закон и прописи засновани на закон;
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;
- преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците, информациите и документите од областа на одбраната, во согласност со закон и прописи засновани на закон;
- координација и соработка со другите општините.

XV. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА

Член 162

Грбот и знамето на општината се утврдуваат со Одлука на Советот на општината.

За утврдување на грбот и знамето на општината, Советот на општината распишува конкурс и формира Комисија.

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утрвдува предлог за грб, односно знаме на општината и го доставува до Советот на општината на усвојување.

Член 163

Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот одлучува по предлогот на Комисијата.

Одлуката на Советот за утврдување на грб, односно знаме на општината е составен дел на Статутот на општината.

Член 164

Грбот на општината се употребува во состав на печатот на општината.

Грбот на општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот и Градоначалникот на општината.

Советот на општината може да одобри употреба на грбот на општината на физички и правни лица, ако оцени дека е во интерес на општината.

Член 165

Знамето на општината се истакнува на зградата на општината и на видни места во општината.

Знамето на општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други средби на кои учествува или е презентирана општината.

Член 166

Грбот и знамето на општината не смеаат да се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за употреба.

XVI. ЗАШТИТА НА ОПШТИНАТА

Член 167

Советот и Градоначалникот може пред Уставниот суд на Р.С.Македонија да поднесат иницијатива за оцена на уставноста и законитоста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на Министерствата и другите органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на општината утврдени со Уставот и законите.

Член 168

Градоначалникот на општината има право да бара судска заштита пред надлежните судови кога на општината и се попречува вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и законот, со акти и активности на органите на државната управа и на Владата на Р.С.Македонија.

XVII. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

Член 169

Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општината може да поднесат најмалку ½ од членвите на Советот, комисија на Советот, Градоначалникот на општината, најмалку 10% од избирачите на општината, согласно закон.

По иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Советот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 170

Измените и дополнувањата на Статутот на општината се донесени ако за нив гласале мнозинство од членовите на Советот на општината.

XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 171

Имателите на информации од членот 102 на овој статут се должни во рок од шест месеци од денот на донесувањето на овој статут да ја донесат и објават листата на информации од членот 103 на овој статут.

Член 172

Градоначалникот на Општината во рок од три месеци од денот на донесувањето на овој статут, согласно актот за организација на општинската администрација, ќе распореди државен службеник од администрацијата кој ќе ги извршува работите на посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Член 173

Во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој статут, Општината ќе ги воведе во евиднеција постојните облици на месна самоуправа, основани во согласност со статутот на Општината.

Член 174

Со влегување во сила на овој статут престанува да важи Статутот на Општината ("Службен гласник на Општина Новаци", бр. 05/2002).

Член 175

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Новаци".

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци,,бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Деловникот на Советот на општина Новаци

.

1. Го Објавувам Деловникот на Советот на општина Новаци , донесен на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-538/2
13.06.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(,,,Службен весник на РМ,, бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 2 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци,, број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-06-2019 година донесе

ДЕЛОВНИК
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА НОВАЦИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој деловник поблиску се уредуваат определени прашања сврзани со организацијата и начинот на работа на Советот на Општина Новаци (во натамошниот текст: Советот), конституирањето, односно верификацијата на мандатот на членовите на Советот, правата и должностите на членовите на Советот, правата и должностите на претседателот на Советот, работата на Советот, неговите комисии, и посебните тела на Општината, програмирањето на работата на Советот, јавноста во работата на Советот и неговите комисии, актите на Советот, донесувањето прописи од надлежност на Советот, претресувањето извештаи, анализи и други материјали, давањето согласност на статути и годишни сметки, односите на Советот со градоначалникот, односите на советот со јавните служби, установи и претпријатија, односите на советот со советите на други општини, вршењето на стручни работи за потребите на Советот, измените на деловникот, како и други прашања од значење за работата на Советот.

Член 2

Работата на Советот, постојаните и повремените комисии е јавна, освен во случаите определени со закон, Статутот на Општина Новаци (во натамошниот текст: Статутот) и со овој деловник.

II. КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ, ОДНОСНО ВЕРИФИКАЦИЈАТА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

Член 3

Конституирањето на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот.

Советот е конституиран доколку на коститутивната седница присуствуваат и им се верификуваат мандатите на мнозинството од вкупниот број членови на Советот, по предлог на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.

Член 4

Првата седница на новоизбраниот Совет ја свикува Претседателот на Советот од претходниот состав најдоцна во рок од 20(дваесет)дена од денот на завршување на изборите.

Ако Советот не се свика во рок од ставот 1 на овој член, членовите на Советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на Советот го конституираат Советот во рок од 10 (десет) дена по истекот на рокот од ставот 1 на овој член.

Ако седницата не се одржи во рок од ставот 2 на овој член ќе се распишат нови избори за членовите на Советот, на начин утврден со Закон.

Член 5

Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања се состои од претседател и четири члена,а ја избира Советот од редот на членовите на кои врз основа на постигнатите изборни резултати, Општинската изборна комисија им издала решенија за извршениот избор на последните локални избори.

Член 6

Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, може да оспори решенија издадени од Општинската изборна комисија, за избор на одделни членови на Советот и да предложи верификацијата на мандатот да се одложи заради утврдување дали тие се издадени согласно постигнатите изборни резултати на учесниците.

Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања може да предложи одлагање на верификацијата на мандатот на одделен член на Советот, и заради тоа што:

- со сигурност не може да се утврди неговиот идентитет (исто име и презиме со други личности);
- постојат индиции за можна неспојливост на функцијата (вработен е во општинската администрација или презел функција или должност која со закон е утврдена како неспојлива со фунцијата член на совет);
- настапила фактичка неможност за верификација на мандатот под услови утврдени со закон (во случај на смрт, престанок на жителството во општината, правосилна пресуда за кривично дело или донесено решение за одземање на деловната способност).

Член 7

Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања му поднесува извештај на Советот со предлог на кои членови на Советот треба да им се верификуваат мандатите, а на кои треба да се одложи верификацијата на мандатите.

Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, одделно, по предлогот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања го усвојува предлогот за верификација на мандатите на присутните членови на Советот.

Советот со мнозинство гласови на вкупниот број членови на Советот, одлучува за секој предлог на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, за одлагањето на верификацијата на мандатот на членови на Советот.

Доколку предлогот за одлагање на верификацијата на мандатот не го добие потребното мнозинство се смета дека Советот, го верификувал мандатот на членот на Советот, чие одлагање се барало.

Одлагањето на верификацијата на одделни мандати по предлог на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, не може да биде подолго од 2 месеца.

Член на Советот чиј мандат е оспорен или чија верификација е одложена, има право да присуствува на седница на Советот и да учествува во работата, без право на одлучување.

Член 8

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, на оние кои се избрани на изборите за замена, како и на оние чија верификација е одложена, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

1. Заеднички одредби

Член 9

Членот на Советот ги остварува правата и должностите утврдени со законот, Статутот и со овој деловник.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

Член 10

Заради вршење на својата должност, членот на Советот има право од градоначалникот, општинската администрација, јавните служби, установи и претпријатија, основани од Општината и од други институции да бара податоци што му се потребни за неговата работа во Советот.

Член 11

Членот на Советот, кој од страна на Советот е избран за член на органите на управување на јавните служби, установи и претпријатија, основани од Општината не може да учествува во одлучување на седниците на Советот за прашања што се однесуваат на јавните служби, установи и претпријатија во чии органите на управување е избран.

Член 12

Членовите на Советот на конститутивната седница на Советот даваат и потпишуваат свечана изјава, која гласи:

„Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам

Уставот,законот,прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Северна Македонија"

Член 13

Членот на Советот има права и должности утврдени со закон, со Статут и овој Деловник.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификација на мандатот.

2. Присуствување на седници и учество во работата
Права и должности на членовите на Советот

Член 14

Членот на Советот има право и должност да присуствува на седниците на Советот, постојаните и повремените комисии во кои членува и да учествува во работата и одлучувањето.

Членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања,појави и состојби што се од локално значење,како и од значење за граѓаните во општината
- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани,на начин и по постапка предвидени со Деловникот
- да бара од администрацијата на општината,како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот
- да бара и да добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува
- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ке ги дознае на седница на Советот или на комисија.

Членот на Советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Советот.

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој ги следи, разгледува и анализира појавите, проблемите и прашањата во врска со финансирањето на Општината; ги разгледува нацртот и предлогот на буџетот и годишната сметка на буџетот, како и други прашања поврзани со финансиски средства, разгледува прашања поврзани со планирањето и програмирањето на локалниот економски развој и предлага мерки од делокругот на нејзиното работење.

в) Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина

Член 134

Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина ги разгледува прашањата од урбанистичко планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата ги разгледува прашањата во врска со урбанизмот, уредувањето на градежното земјиште, заштитата и унапредувањето на животната средина и други прашања од работата на јавните служби, прашања од комуналното уредување на градот и населените места и по нив му дава предлози и мислења на Советот, ја разгледува и проучува проблематиката сврзана со именувањето на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, како и нивното обележување и ги разгледува предлозите за именување улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти и му поднесува предлог на Советот.

г) Комисија за општествени дејности

Член 135

Комисијата за општествени дејности во рамките на правата и должностите на Општината, ги разгледува прашањата од областа на културата спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита,јавната безбедност во сообраќајот како и противпожарната заштита и по нив дава иницијативи, мислења и предлози до Советот,разгледува прашања во врска со остварувањето на програмски дефинираните активности; развојот на установите; можностите за основање, финансирање на изградбата, опремување и одржување на установите во согласност со закон; прашањата што се однесуваат на основањето, финансирањето на изградбата, опремувањето и одржувањето на установите од областа на спортот, предучилишното воспитување, основното и средното образование, основната здравствена заштита и други прашања од областа на општествените дејности и по нив му дава мислења и предлози на Советот**.**

д) Комисија за статут и прописи

Комисијата за Статут и прописи го утврдува Предлогот на Статутот на општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измена на Статутот и ја следи неговата примена, ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер.

Го утврдува Предлог деловникот за работа на Советот.

Разгледува и други општи акти од надлежност на Советот на општината.

ѓ) Комисија за месна самоуправа

Комисијата за месна самоуправа ги разгледува прашањата од значење на месната самоуправа и му предлага на Советот начин на нивно разрешување.

е) Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија подготвува Програма за одбележување на празници и манифестации и се грижи и презема активности за нејзино доследно спроведување.

Комисијата ги прибира и разгледува предлозите за доделување на доделување на општински признанија и награди и му предлага на Советот да донесе Одлука.

Наградата може да се доделува на физички и правни лица од Општината,Републиката и од други држави, како и меѓународни организации и асоцијации или нивни претставници.

Наградите се доделуваат како знак на признание за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развој на Општината и за нејзиниот сефкупен напредок и афирмација во областа на економскиот развој, науката, уметноста, културата, образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области.

ж) Комисија за родова (полова) еднаквост

Комисијата за родова (полова) еднаквост врши промовирање и штитење на еднаквоста меѓу половите во уживањето на човековите права во сите општествени нивоа, вградување на половата димензија во процесот на нормирањето и институционализирањето на општествените процеси и односи, елиминирање на секаков облик на дискриминација на жената, поголема застапеност на жената во локалната самоуправа и сл.

Комисијата активно соработува со женските невладини организации и здруженија кои делуваат на подрачјето на општината.

5. Посебни одредби за избор и разрешување на претседатели и членови на комисиите

Член 136

Избор на претседател и членови на комисија на Советот се врши во целина, врз основа на предложени листи.

Листа може да предложи секој од членовите на советот или група советници.

Предложената листа се става на дневен ред на седницата на Советот само ако сите предложени кандидати за членови на комисијата дале изјава со која ја прифаќаат кандидатурата.

Кандидатските листи се поднесуваат до претседателот на Советот кој ги доставува до Комисијата за мандатни прашања,избори и именувања.

Изборот на претседател и членови на комисиите се врши со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови на Советот.

Член 137

Избор заради промена на поодделен член на комисија се врши врз основа на поединечни предлози, со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови на Советот.

Член 138

Предлог за разрешување на претседател и членови на комисија може да даде комисијата, член на Советот или претседателот на Советот.

По предлогот за разрешување одлучува Советот, со јавно гласање, со мнозинство гласови на присутните членови на Советот.

VII. ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА

Член 139

Работата на Советот се одвива според програма за работа на Советот.

Програмата за работа ја донесува Советот за една календарска година, по предлог на комисијата што Советот ја формира од редот на своите членови.

Член 140

Основа за изработка на програмата за работа на Советот се работите што со закон се ставени во надлежност на Советот.

Член 141

Предлози за внесување на одделни задачи и работи во програмата за работа на Советот можат да поднесуваат:

- членовите на Советот, комисиите, посебните тела на Општината и Градоначалникот;
- органите на државната управа;
- јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината;
- јавните претпријатија што вршат работи од значење и интерес за Општината;
- облиците на месна самоуправа;
- здруженијата на граѓани и
- други заинтересирани субјекти.

Член 142

Програмата за работа на Советот особено содржи:

- назив на одлуките и другите општи акти и прашањата, односно темите што ќе ги разгледува Советот;
- субјектита задолжени за изготвување на актите и другите материјали и субјектите кои соработуваат во извршувањето на задачите и работите;
- предлагач на актите и другите материјали;
- државните органи од кои ќе се бара согласност за актите, доколку давањето согласност е предвидено со закон;
- роковите во кои одделни работи треба да се извршат.

Во програмата за работа се назначува кои документи се даваат на јавна или стручна расправа или на друг облик на непосредно изјаснување на граѓаните.

Член 143

Задолжените субјекти се должни во предвидените рокови тие акти и материјали да му ги поднесат на Советот на разгледување и усвојување.

Доколку од одредени причини тоа не е можно, тој е должен за тоа навреме да го извести Советот и да ги наведе причините заради кои не може да ги изврши програмираните задачи во предвидениот рок.

VIII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОВЕТОТ

Член 144

Советот ја известува јавноста за прашањата што се разгледуваат и за кои се одлучува во Советот, за своите одлуки и ставови по тие прашања, како и за работата на комисиите, при што развива и користи најразлични форми за известување.

Член 145

Претставниците на средствата за јавно информирање имаат право да присуствуваат на седниците на Советот и на комисиите и да ја известуваат јавноста за нивната работа.

За седница на Советот на која се претресува некое прашање без присуство на јавноста, Советот може да ја извести јавноста преку давање соопштение.

Член 146

На претставниците на средствата за јавно информирање им се стават на располагање нацртите и предлозите на прописите, информативните и документационите материјали, извештаите за работа на комисиите на Советот и записниците од седниците на Советот, освен ако одделно прашање се разгледува без присуство на јавноста.

Член 147

Советот може да одлучи нацрт, односно предлог на определена одлука или на друг општ акт кој се претресува во Советот, да се објави преку печатот или во посебна публикација.

Член 148

Советот може заради известување на јавноста за својата работа да одлучи да се даде официјално соопштение на средствата за јавно информирање.

Член 149

Конференција за печатот по прашања од надлежност на Советот, односно во врска со неговата работа, одржува претседателот на Советот, по сопствена иницијатива или кога така ќе одлучи Советот.

Претседателот на Советот, односно Советот може да определат друг член на Советот, кој ќе ја одржи конференцијата за печатот.

IX. АКТИ НА СОВЕТОТ

Член 150

Советот донесува прописи за уредување на прашањата од своја надлежност,општи и поединечни акти и го следи нивното извршување.

Советот донесува статут, деловник на Советот, буџет и годишна сметка за извршување на буџетот, програми, планови, одлуки, решенија, правилници, препораки, заклучоци и други акти.

Одредбите на овој деловник, што се однесуваат на постапката за донесување одлуки, соодветно се применуваат и на постапката за донесување на прописи и други акти од став 2 на овој член, доколку со закон и Статутот не е поинаку определено.

1. Донесување на Статут на општината

Член 151

Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како Нацрт и како Предлог Статут.

Нацрт на Статутот го утврдува Советот на предлог на Комисијата за Статут и прописи.

Советот Нацрт Статутот го става на јавна расправа и го утврдува времето и начинот на спроведување на јавната расправа.

Предлог Статутот на општината го утврдува Комисијата за Статут и прописи врз основа на изнесените предлози, забелешки и мислења во текот на расправата.

Член 152

Статутот на општината се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Советот, при што треба да се почитува бадентерово мнозинство.

Член 153

Иницијатива за измени и дополнувања на Статутот на општината може да поднесат најмалку ½ од членовите на Советот, комисија на Советот, Градоначалникот на општината, најмалку 10% од избирачите на општината, согласно закон.

По иницијативата за измените и дополнувањата на Статутот одлучува Советот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Измените и дополнувањата на Статутот се донесени ако за нив гласале мнозинство од членовите на Советот на општината.

Член 154

Предлог на Деловникот на Советот го утврдува комисијата за Статут и прописи.

Деловникот на Советот се донесува со мнозинство гласови од членовите на Советот.

Измени и дополнувања на Деловникот на Советот можат да предложат членовите на Советот и комисиите, Градоначалникот и други субјекти.

По иницијативата за измена и дополнување на Деловникот одлучува Советот.

Член 155

Со препорака се укажува на значењето на определени прашања кои се однесуваат на тековните состојби и движења во определена област или на извршувањето на одлуки и други општи акти на Советот и се изразува мислењето на Советот по тие прашања.

Со препораката се укажува на правата и обврските на субјектите на кои име се упатува и на мерките што би требало да ги преземат за решавање на тие прашања.

Препораката нема задолжителен карактер и таа им се упатува на субјектите на кои се однесува со цел да ја разгледаат, да заземат став и да ја насочат својата акција кон прашањата на кои се однесува препораката и за тоа да го известат Советот.

Член 156

Со заклучок Советот, во рамките на својот делокруг, може да утврдува обврски на Градоначалникот и на јавните служби основани од Општината, во однос на подготвувањето на одлуки или на други општи акти или во однос на вршењето на други работи од нивниот делокруг.

Со заклучок, Советот утврдува оценки, односно констатации за состојбите и зазема ставови и гледишта во врска со прашањата што ги претресува.

Член 157

Решение е конкретен и конечен акт со кој Советот решава за поединечни работи.

Член 158

Прописите и другите општи и поединечни акти донесени на седница на Советот ги потпишува претседателот на Советот.

На оригиналите на прописите и на другите акти се става печатот на Општината.

Оригиналите на прописите и на другите акти на Советот се чуваат во архивата на Општината.

За чувањето и евиденција на оригиналите на прописите и на другите акти на Советот се грижи општинската администрација.

Член 159

Прописите на Советот влегуваат во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општината, а по исклучок што го утврдува Советот, најрано со денот на објавувањето.

Прописите на Советот можат да влезат во сила и во покус рок од осум дена ако:

- причините поради кои се предлага донесувањето на прописот и целите што се сака да се постигнат со неговото донесување се од итен и неодложен карактер,

- не се создаваат материјални обврски за граѓаните и правните лица,

- прашањата што се регулираат се од сферата на одбраната, заштитата и спасувањето и сл;

- тоа го налагаат начелата на целисходност, рационалност, ефикасност, економичност, оперативност и сл.

X. ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

1. Поведување на постапка

Член 160

Одлуките од своја надлежност Советот ги донесува по предлог на градоначалникот или на член на Советот.

Предлог за донесување одлука од надлежност на Советот може да поднесат и надлежните комисии на Советот.

Член 161

Советот донесува одлуки од своја надлежност и на иницијатива поднесена од членовите на Советот, јавните служби, установи и претпријатија, облиците на месна самоуправа, здруженијата на граѓаните, граѓаните и други субјекти.

Иницијативата му се доставува на претседателот на Советот, кој ја упатува на Градоначалникот заради давање мислење.

Ако градоначалникот смета дека нема потреба од донесување одлука, за тоа ќе го извести претседателот на Советот и подносителот на иницијативата, наведувајќи ги причините за тоа.

Ако подносителот на иницијативата смета дека причините не се оправдани, тој може својата иницијатива повторно да ја поднесе преку претседателот на Советот.

Повторната иницијатива за донесување на одлука се претресува на седница на Советот, заедно со мислењето на градоначалникот.

Откако ќе ја разгледа повторната иницијатива, Советот може со заклучок да го задолжи градоначалникот да изготви и поднесе предлог на одлука.

За ставот што ќе го заземе по повторната иницијатива за донесување на одлука, Советот ќе го извести подносителот на иницијативата.

2. Предлог на одлука

Член 162

Градоначалникот и другите предлагачи своите предлози за уредување на определени прашања од надлежност на Советот ги поднесуваат, по правило, во форма на предлог на одлуки.

По исклучок Одлуката може да биде поднесена во форма на нацрт.

Статутот на општината и Буџетот на општината задолжително се поднесуваат во форма на нацрт и се донесуваат во две фази.

Член 163

Предлогот на одлуката ги содржи причините поради кои треба да се донесе одлуката, содржината на одлуката и образложение.

Член 164

Причините за донесување на одлуката ги содржат:

- правните основи по кои соодветните прашања можат да се уредуваат;
- целта што се сака да се постигне со уредувањето на односите на предложениот начин, како и последиците што ќе произлезат од предложените решенија, и

- финансиски средства потребни за спроведување на одлуката и начинот на обезбедување на тие средства,

Член 165

Содржината на одлуката што се предлага да се донесе се изготвува во вид на правно формулирани одредби.

Член 166

Текстот на одлуката мора да биде образложен.

Образложението особено ги опфаќа: правните основи за уредување на односите содржани во одлуката; причините поради кои се донесува одлуката; оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со одлука и извршувањето на постојните прописи во таа област; финансиските средства потребни за спроведување на одлуката и начинот на нивното обезбедување, дали спроведувањето на одлуката повлекува материјални обврски за граѓаните, стопанските и други субјекти, како и други околности што се од значење за прашањата што се уредуваат со одлуката.

Кон образложението на одлуката со која се вршат измени и дополнувања на постојна одлука, се приложуваат и одредбите на одлуката што се менува односно дополнува.

Член 167

Советот може, по предлог на членовите на Советот или од Комисијата за Статут и прописи да донесе заклучок дека заради тоа што со одлуката се уредува сложена или обемна материја, како и во други случаи кога ќе оцени дека е тоа потребно, поднесениот предлог да се претресува и утврди како нацрт.

По завршениот претрес, Советот со заклучок ги утврдува своите ставови и забелешки кон нацртот и му ги упатува на предлагачот, за да ги има предвид при изработката на предлогот на одлуката.

Со заклучокот, Советот може да определи и рок во кој предлагачот треба да го изготви и поднесе предлогот на одлуката до Советот.

Член 168

Предлагачот е должен во образложението на така изработен предлог посебно да ги наведе причините за неприфатените мислења и забелешки по нацртот.

Кон предлогот се поднесува и придружната документација за сложени и обемни прашања, а особено податоци за начинот на обезбедување на финансиските средства потребни за спроведување на одлуката.

3. Претресување на одлука

Член 169

Претресот на одлуката, на седницата на Советот, по правило е единствен, доколку Советот не одлучи да води претрес по делови, односно членови.

Член 170

Советот може да одлучи да води одделно претрес во начело заради изјаснување за причините и потребата од донесување на предложената одлука и претрес по содржината на одлуката.

Во текот на претресот за предлогот во начело можат да се изнесуваат мислења, да се бараат појаснувања и да се покренуваат други прашања во поглед на причините за донесување, правните основи и целисходноста на решенијата што се дадени во одлуката.

Член 171

Предлагачот на одлуката, односно неговиот претставник има право во текот на целиот претрес на одлуката да дава образложенија, појаснувања и да изнесува свои мислења.

Член 172

Градоначалникот, односно претставникот што тој го овластил може да учествува во текот на целиот претрес на одлуката на седницата на Советот и кога не е предлагач на одлуката.

Предлагачот може да го повлече предлогот на одлуката во секој момент се до заклучувањето на претресот.

4. Поднесување предлози за измена и дополнување на одлуки Амандмани

Член 173

Аманмани се поднесуваат заради измена или дополнување на решенијата содржани во предлогот на одлуката за која се води претрес на седницата на Советот.

Амандман може да поднесе член на Советот, градоначалникот, постојаната комисија која го разгледувала предлогот и предлагачот на одлуката.

Член 174

Амандманот се поднесува писмено.

Амандманот мора да биде образложен.

Ако амандманот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, подносителот на амандманот е должен истовремено да укаже и на можностите за обезбедување на тие средства.

Член 175

Амандманот може, по правило, да се поднесе најдоцна 3 дена пред денот определен за одржување на седницата на Советот на која ќе се претресува предлогот на одлука, а се поднесува преку претседателот на Советот.

Член 176

Претседателот на Советот веднаш им го доставува амандманот на сите членови на Советот и на Градоначалникот и кога тој не е предлагач на одлука.

Амандманот на предлогот на одлука, претседателот на Советот го доставува и на Комисијата за Статут прописи, за да го проучи и на Советот да му достави извештај.

Член 177

Ако амандманот на предлогот на одлука содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, претседателот на Советот, амандманот веднаш ќе го достави и на комисијата во чиј делокруг спаѓаат прашањата на буџетот, за да го проучи влијанието на амандманот врз средствата со кои се располага и можните извори за финансирање на предложените решенија и за тоа да го извести Советот.

Член 178

Член на Советот може, по исклучок, да поднесе амандман на предлогот на одлуката на седница на Советот, во текот на претресот на тој предлог.

Амандманот се поднесува писмено и мора да биде образложен.

Член 179

Предлагачот на одлуката може да поднесува амандмани се до заклучувањето на претресот по предлогот на одлука.

Градоначалникот може да поднесува амандмани и на предлози на одлуки што не ги поднел тој и тоа се до заклучување на претресот по предлогот на одлуката.

Амандманот на предлагачот на одлуката и амандманот со кој тој се согласил, се сметаат за составен дел на предлогот на одлуката.

Член 180

Кога амандманот се поднесува во текот на претресот на предлог на одлука, претседателот на Советот ќе ја прекине седницата и ќе даде пауза за да можат подносителите да го изготват амандманот.

Член 181

Ако усвојувањето на амандманот би повлекувало побитни измени на текстот на предлогот на одлуката, за амандманот не може да се одлучи на седницата на Советот, додека надлежната комисија и Комисијата за прописи не му поднесат извештај за тој амандман.

Член 182

За амандманот се води посебен претрес на седница на Советот.

За амандманот има право да се изјасни предлагачот на одлука и известителот на комисијата која ја претресувала одлуката.

Градоначалникот има право да се изјаснува за амандманите и кога тој не го поднел предлогот на одлуката.

Член 183

По амандман на предлогот на одлуката, поднесен во текот на претресот на предлогот на одлуката, Советот може да одлучи претресот да се одложи и да продолжи на една од наредните седници или претресот да се прекине, додека

надлежната комисија и Комисијата за прописи не го проучат амандманот.

Советот ќе го одложи претресот на предлогот на одлуката ако предлагачот на одлуката, Градоначалникот или надлежната комисија и Комисијата за Статут и прописи, побараат одлучувањето по амандманот да се одложи за да можат амандманот да го проучат и по него да се изјаснат.

Член 184

За амандманите се одлучува пред да се расправа по предлогот на одлука на која се однесува амандманот.

Член 185

Ако на ист член од предлогот на одлука се поднесени два или повеќе различни амандмани, за амандманите се гласа според редот по кој се поднесени.

Член 186

Доколку со некој од амандманите се предлага бришење на одделен член од предлогот на одлука, прво се гласа за тој амандман и ако тој амандман биде усвоен, нема да се гласа за другите амандмани на тој член.

5. Итна постапка за донесување на одлука

Член 187

Одлука може да се донесе и по итна постапка на редовна или вонредна седница на Советот.

Предлогот на одлуката што се предлага да се донесе на итна седница може да се достави на самата седница.

По итна постапка може да се донесе само одлука со која се уредуваат такви прашања за чие уредување постои вистинска и неодложна потреба и ако одложувањето на уредувањето на тие прашања би имало поголеми штетни последици.

Член 188

Советот отвора расправа за оправданоста на предлогот да се донесе одлука по итна постапка.

Ако Советот го усвои предлогот одлуката да се донесе по итна постапка, се пристапува кон претрес по предлогот на одлуката.

Член 189

Советот може пред или во текот на претресот, да побара од Комисијата за Статут и прописи, итно да поднесе свое мислење и предлози по предлогот на одлуката.

Член 190

На предлогот на одлуката што се донесува по итна постапка секој член на Советот може да поднесува амандмани до заклучувањето на претресот.

Ако со усвојувањето на амандманот би биле предизвикани побитни измени во текстот на предлогот на одлуката, односно ако со амандманот се ангажираат финансиски средства, задолжително ќе се побара мислење од надлежната комисија за финансиски прашања и од Комисијата за Статут и прописи.

Комисијата за Статут и прописи и надлежната комисија за финансиски прашања се должни веднаш да го разгледаат амандманот и на Советот да му поднесат извештај.

6. Јавна и стручна расправа по нацрти на прописи

Член 191

Советот самостојно, на предлог на градоначалникот или кога е тоа предвидено со закон, ќе донесе заклучок за организирање јавна или стручна расправа по нацрт на одлуки и други општи акти за кои ќе се оцени дека се од особено значење за граѓаните на Општината.

Член 192

Кога ќе заклучи нацрт на одлука или друг акт да се стави на јавна и стручна расправа Советот ќе определи:

- нацртот на одлуката и другиот општ акт да се објават за да им бидат достапни на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- да се обезбеди собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени во текот на расправата и
- да се изготви и достави до Советот извештај за резултатите од расправата.

За извршување на задачите од став 1 на овој член Советот може да формира посебно работно тело.

Ако нацртот на одлуката и друг општ акт што се стават на расправа ги поднел Градоначалникот, Советот може да заклучи задачите од став 1 на овој член да ги изврши Градоначалникот или работното тело што тој ќе го формира.

Член 193

Нацртот на одлуката и друг општ акт што се стават на расправа се објавуваат во дневните весници или како посебен сепарат.

Кон нацртот на одлуката и друг општ акт се објавува и повик до граѓаните и другите заинтересирани субјекти да достават свои мислења и предлози.

Во повикот се означува кому му се упатуваат мислењата и предлозите, како и рокот до кога тие можат да се упатуваат.

Рокот за расправа не може да биде покус од 30 дена.

Член 194

Извештајот за резултатите од расправата ги опфаќа мислењата и предлозите што биле изнесени во расправата.

Извештајот му се доставува на предлагачот на одлуката.

Откако ќе го прими извештајот за резултатите од расправата, предлагачот на одлуката ќе изготви предлог на одлука, при што ќе ги има предвид искажувањата изнесени на седницата на Советот по нацртот на одлуката и мислењата и предлозите што биле изнесени на расправата.

Кон предлогот на одлуката, до Советот се доставува и извештај за резултатите од расправата заедно со ставовите на предлагачот на одлуката по мислењата и предлозите искажани во расправата.

Член 195

Во организирањето и спроведувањето на јавната расправа се остварува соработка со месните заедници, односно други облици на месна самоуправа, а во организирањето и спроведувањето на стручната расправа со стручни организации и заедници, односно здруженија на граѓани.

XI. ПРЕТРЕСУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ, АНАЛИЗИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ

Член 196

Претресот по анализите, извештаите и другите материјали во Советот, може да заврши со прост премин на наредната точка од утврдениот дневен ред на Советот, односно комисијата или со донесување заклучок.

XII. ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТИ, ИЗВЕШТАИ И ГОДИШНИ СМЕТКИ

Член 197

Советот со решение одлучува за давање согласност или за отфрлање на барањето за давање согласност на статутот јавната служба, установа и претпријатие основани од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност.

Доколку Советот не даде согласност ќе го задложи градоначалникот и субјектот кој бара согласност на статутот да извршат усогласување на статутот по прашањата кои биле причина да не се даде бараната согласност.

Член 198

Статутите задолжително му се доставуваат на Градоначалникот заради давање мислење по нив, во рок од 30 дена од денот на приемот.

Член 199

На седницата на Советот на која се расправа за давање согласност на статутот на јавна служба, установа и претпријатие основано од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност се поканува и претставник на подносителот на статутот.

Член 200

Сатутот на кој е дадена согласност се применува од денот на донесувањето од надлежниот орган на јавната служба, установа и претпријатие основани од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност.

XIII. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Член 201

Градоначалникот има право и должност да присуствува и учествува во работата на седниците на Советот.

Член 202

Градоначалникот може да определи свои претставници за седниците на Советот и комисиите.

Претставникот на Градоначалникот присуствува на седниците на Советот и

комисиите и дава известувања и образложенија за предлогот на актот и за другите прашања кои се на дневен ред на седницата.

Член 203

Претседателот на Советот и претседателите на комисиите задолжително го известуваат Градоначалникот за закажаните седници.

XIV. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ, УСТАНОВИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА

Член 204

Советот може да побара од Градоначалникот или од органите на управување на јавните служби што ги основала Општината, извештај за состојбите во определена област, за спроведување на политиката и за извршување на прописите и другите општи акти, што ги донел Советот во рамките на својата надлежност, како и за други задачи за кои се овластени од страна на Советот.

Советот може, со заклучок, да определи рок во кој јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината, се должни да поднесат извештај.

Јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината, можат и по сопствена иницијатива да го известуваат Советот за состојбата во соодветната област, за спроведување на политиката и за извршување на прописите и другите општи акти што ги донел Советот, како и за други прашања од својот делокруг.

Член 205

Советот и неговите комисии можат, во рамките на својот делокруг, да бараат јавните служби, установи и претпријатија:

- да проучат определено прашање од својот делокруг и за тоа да им поднесат извештај;
- да ги известат за состојбите и појавите од областа на својот делокруг;
- да ги известат за спроведувањето на политиката што ја утврдил Советот и за извршувањето на одлуките, другите прописи и општи акти и за одделни прашања од областа на својот делокруг;
- да изготват предлог на одлука, на друг пропис или општ акт од областа на својот делокруг и
- да им ги достават податоците со кои располагаат или што се должни во својот делокруг да ги собираат и евидентираат, како и списите и другите материјали потребни за работа на Советот и неговите работни тела.

Ако субјектот од став 1 на овој член смета дека не може да постапи по барањето на Советот и неговата комисија, ќе ги извести за тоа Советот, комисијата и Градоначалникот и ќе ги изнесе причините поради кои не може да го стори тоа.

Член 206

Советот и комисиите ги известуваат јавните служби, установи и претпријатија за седниците на кои ќе бидат претресувани прашања кои се однесуваат од областа на нивниот делокруг, заради учество на нивни претставници на тие седници.

Член 207

Раководните лица имаат право и должност да учествуваат во работата на седниците на Советот, кога на тие седници се претресува предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на јавните служби, установи и претпријатија, со кои тие раководат или друго прашање кое се однесува на областа од нивниот делокруг.

На седниците на Советот, раководните лица даваат известувања и објаснувања за прашањата што се разгледуваат, а се должни, по барање, да даваат такви известувања и објаснувања и по писмен пат.

Член 208

Раководните лица се должни по барање од комисиите на Советот, да учествуваат во работата на нивните седници, кога се разгледува предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на делокругот на јавните служби, установи и претпријатија, со кои тие раководат.

Член 209

Ако раководното лице е спречено да учествува во работата на седницата на Советот или на работното тело може да определи во работата на седницата да учествува негов претставник.

XV. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

Член 210

Меѓусебните односи на Советот со советите на други општини се остварува во рамките утврдени со закон, Статутот на Општината и овој деловник.

Советот соработува со советите на други општини и со нив развива меѓусебни односи во остварувањето на задачите од заеднички интерес, а особено во поглед на создавањето на што поповолни услови за остварување на правата на граѓаните.

Член 211

Советот може да соработува со советите на општините во постапката за подготвување на прописи и други акти од заеднички интерес, заради усогласување на ставовите и изнаоѓање на заеднички организациони и други решенија за вршење на надлежностите на општините.

Член 212

Соработката на Советот на Општината со советите на други општини се заснова врз начелата на рамноправност и координација во сите фази на подготвување и спроведување на прописите и другите општи акти од заеднички интерес.

Член 213

Соработката на Советот со советите на други општини, може да се врши размена на информативни, документациони и други материјали, со формирање на заеднички работни групи за проучување на одредени прашања од интерес за општините, како и други видови на меѓусебна соработка.

XVI. ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА СОВЕТОТ

Член 214

Стручните и другите работи за потребите на Советот и неговите комисии и за членовите на Советот ги врши општинската администрација.

Општинската администрација:

- учествува во подготвувањето на програмата за работа на Советот,
- учествува во подготвувањето на седниците на Советот и на работните тела,
- учествува во подготвувањето на одлуки и други општи акти и други материјали,
- им дава стручна помош на членовите на Советот,
- врши информативно-документациони работи за потребите на Советот,
- обезбедува неопходни услови за работа на членовите на Советот и
- врши административно-технички и други работи за потребите на Советот и комисиите.

XVII. ИЗМЕНА НА ДЕЛОВНИКОТ

Член 215

Иницијатива за измена на Деловникот може да поднесат членовите на Советот, комисиите, Градоначалникот и други субјекти.

По иницијативата за измена на Деловникот одлучува Советот.

Член 216

По прифаќањето на иницијативата за измена на Деловникот, Комисијата за Статут и прописи изготвува нацрт на одлука за измена на Деловникот.

Нацртот на одлуката за измена на Деловникот ја утврдува Советот и со заклучок ја задолжува Комисијата за Статут и прописи да изготви предлог на одлука за измена на Деловникот, при што да ги има предвид мислењата и забелешките изнесени во расправата пред Советот и неговите работни тела.

XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 217

Со влегување во сила на овој деловник престанува да важи Деловникот на Советот на Општина Новаци објавен во Службен Гласник на Општина Новаци бр.4/97.

Член 218

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Новаци".

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај на ЗФК Новаци 2005 Новаци, за доделени средства 2017 година

.

1. Објавувам Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај на ЗФК Новаци 2005 Новаци, за доделени средства 2017 година , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-538/3
13.06.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-06-2019 година донесе

О Д Л У К А
За давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај на ЗФК Новаци 2005 Новаци
за доделени средства 2017 година

Член 1

СЕ ДАВА Согласност на доставен Извештај на ЗФК Новаци 2005 Новаци
за доделени средства 2017 година

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е доставен Извештај на ЗФК Новаци 2005 Новаци за доделени средства 2017 година, наш број 08-639/9 од 25.12.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-517/6
12.06.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај на ЗФК Новаци 2005 Новаци за доделени средства 2018 година

.

1. Објавувам Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај на ЗФК Новаци 2005 Новаци за доделени средства 2018 година , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-538/4 ОпштинаНоваци
13.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-06-2019 година донесе

О Д Л У К А
За давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај на ЗФК Новаци 2005 Новаци
за доделени средства 2018 година

Член 1

СЕ ДАВА Согласност на доставен Извештај на ЗФК Новаци 2005 Новаци
за доделени средства 2018 година

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е доставен Извештај на ЗФК Новаци 2005 Новаци за доделени средства 2018 година, наш број 15-639/3 од 03.08.2018 година,08-639/8 од 19.12.2018 година,15-215/1 од 12.02.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-517/7 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на Финансиска програма за 2018/2019 година од ЗФК ,,Новаци 2005,, Новаци(пролетен дел) и за доделување на средства на ЗФК,,Новаци-2005,, Новаци за Пролетна полусезона во Трета Македонска фудбалска лига на Македонија за 2018/2019 година

1. Објавувам Одлука за одобрување на Финансиска програма за 2018/2019 година од ЗФК ,,Новаци 2005,, Новаци(пролетен дел) и за доделување на средства на ЗФК,,Новаци-2005,, Новаци за Пролетна полусезона во Трета Македонска фудбалска лига на Македонија за 2018/2019 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-538/5 ОпштинаНоваци
13.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ,, бр. 5/02), член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02,,), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 12.06.2019 година, донесе

О Д Л У К А

За одобрување на Финансиска програма за 2018/2019 година од ЗФК ,,Новаци 2005,,Новаци(пролетен дел) и за доделување на средства на ЗФК,,Новаци-2005,, Новаци за Пролетна полусезона во Трета Македонска фудбалска лига на Македонија за 2018/2019 година

Член 1

СЕ ОДОБРУВА Финансиска програма за 2018/2019 година-пролетен дел, од ЗФК ,,Новаци 2005,, Новаци, бр.02/019 од 11.02.2019 година(наш број 15-215/2 од 12.02.2019 година.

СЕ ОДОБРУВА Финансиска програма за 2018/2019 година-пролетен дел, од ЗФК ,,Новаци 2005,, Новаци, бр.01/019 од 11.02.2019 година(наш број 15-215/3 од 12.02.2019 година(за три младински екипи).

Член 2

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **1.848.000,00 денари**(1.587.000,00 за првиот тим, 243.000,00 за три младински екипи и 18.000,00 за позајмица од синдикатот на општина Новаци) на ЗФК ,,Новаци-2005,, Новаци, за Пролетна полусезона 2018/2019 година, во Трета Македонска фудбалска лига на Македонија.

Член 3

Средствата од член 1 на ова Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

За искористените средства редовно да се доставува извештај до општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на име ЗФК,,Новаци-2005,, Новаци со ж-ска:

200002273548072, даночен број 4002005168284, депонент Стопанска банка Скопје.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Бр.14-517/8 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола

.

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-538/6 ОпштинаНоваци
13.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-06-2019 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства на Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола во износ од **25.000,00 денари,** за одржување на еко акција„ Да го зачуваме мариово чисто„ во с.Зовиќ.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

За искористените средства да се достави Извештај до општина Новаци

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола, со ж-ска:290000001233988, депонент ТТК Банка АД Скопје.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-517/9 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Катерина Стефановска с.Живојно

.

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Катерина Стефановска с.Живојно, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-538/7 ОпштинаНоваци
13.06.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-06-2019 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Катерина Стефановска с.Живојно

Член 1

На Катерина Стефановска с.Живојно, му се доделува еднократна парична помош во износ од **9.400,00 денари**-нето износ, за лекување.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Катерина Стефановска

На Трансакциона сметка:500600018591114

ЕМБ:

Депонент Стопанска банка ад Битола

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-517/10 Совет на општина Новаци
12.06.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

